Извештај од одржаниот општински натпревар по наставниот предмет Хемија на ден 18.03.2017год.

Општинските натпревари по предметот хемија за учебната 2016/2017 година се одржаа во просториите на ООУ„Јоаким Крчоски ",за учениците од VIII и IX одделение, организиран од страна на ***Сојуз на хемичари и технолози на Република Македонија***.

Како и досега така и оваа учебна година, нашето училиште ООУ„Тихомир Милошевски" учествуваше на овој општински натпревар. На натпреварот учествуваа 8 ученици од кои 5 ученици од VIII одделение Ангела Мирческа, Никола Сарафимов, Јордана Бончева, Ана Цветковиќ и Зоран Ристовски, каде што ученикот Зоран Ристовски се пласираше на регионален натпревар со 40 бодови од можни 50 бода. Регионалниот натпревар ќе се одржи на 8.04.2017 година.Од IX одделение учество земаа тројца ученици, Мартина Деловска, Теодора Димитриевска и Матеј Миноски. Тестовите носеа вкупно 50 бода.

Натпреварот започна во 9:30 часот и траеше до 11:30 часот. Истиот се одвиваше во најдобар ред и во насоки дадени од организаторите, а спроведени од училиштето домаќин, односно од одговорната општинска комисија наставниците по хемија Снежана Михајловска ООУ" Мирче Ацев" ,Верче Маневска-Стефанова ООУ "Тихомир Милошевски", Тања Павловска ООУ "Страшо Пинџур" и Валентина Пешевска ООУ "Јоаким Крчоски".Како надворешен набљудувач присутен беше проф.д-р Јане Богданов од Институт за Хемија од Прородно-Математички факултет.







Одговорen  ментор: Директор:

1.Верче Маневска-Стефанова Анета Божиновска

Скопје:  Март/2017г.